# ЗАПИСНИК

од 24-седница на Управниот одбор на ЗЕЛС
Скопје, 7 февруари, 2025 г.

**<u>Присутни</u>:**

Орце Ѓорѓиевски (Градоначалник на Општина Кисела Вода), Перо Костадинов (Градоначалник на Општина Валандово), Висар Ганиу (Градоначалник на Општина Чаир), Еркан Арифи (Градоначалник на Општина Липково), Азем Садики (Градоначалник на Општина Студеничани), Жарко Ристески (Градоначалник на Општина Македонски Брод), Александар Стојкоски (Градоначалник на Општина Ѓорче Петров), Виктор Паунов (Градоначалник на Општина Карбинци), Ацо Ристов (Градоначалник на Општина Радовиш), Кирил Пецаков (Градоначалник на Општина Охрид), Максим Димитриевски (Градоначалник на Општина Куманово), Трајко Славески (Претседател на совет на Град Скопје), Изабела Павловска (Претседател на совет на Општина Крива Паланка), Борче Јовчески (Градоначалник на Општина Прилеп), Александар Ненчев со овластување од Костадин Костадинов (Градоначалник на Општина Струмица), Марија Чатмова, со овластување од Марко Колев (Градоначалник на Општина Велес), Оливер Лазоски, со овластување од Горан Герасимовски (Градоначалник на Општина Центар), Никола Стојановски, со овластување од Дарко Костовски (Градоначалник на Општина Бутел)

**<u>Дискусија</u>**:

Управниот одбор го едногласно го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Одлука за отпишување на ствари како основни средства на ЗЕЛС врз основа на спроведен попис на предметите во ЗЕЛС:
2. Барање за номинација на претставници на ЗЕЛС во „Форум на градоначалници“.
3. Иницијатива од општина Центар:;
4. Договор за воспоставување на БФЕ регионална мрежа;
5. Формирање на комисија за стратешко планирање на ЗЕЛС:
6. Дискусија околу измените на Законот за локална самоуправа:
7. Средба со министерката за финансии во Владата, госпоѓа **Гордана Димитриеска Кочоска**;
8. Разно.

**ПРВА ТОЧКА:** Одлука за отпишување на ствари како основни средства на ЗЕЛС врз основа на спроведен попис на предметите во ЗЕЛС:

Управниот одбор беше запознат со постапката на спроведување на пописот на стварите во сопственост на ЗЕЛС при што од страна на Комисијата формирана за оваа цел се констатира список на ствари кои, согласно прописите за сметководствено и финансиско

работење, е потребно да биде отпишан. Отписот особено се однесува на двете возила кои со посебно одлука, Управниот одбор согласно статутот на ЗЕЛС ги отуѓи, односно со посебен договор ги пренесе во сопственост на две општини. Овие ствари како и ствари кои веќе немаат употребна вредност, и имаат амортизациона вредност нула, потребно е да бидат отпишани со посебна одлука согласно закон. Со стварите во сопственост на ЗЕЛС согласно Статутот, располага Управниот одбор.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор на ЗЕЛС донесе Одлука за отпис на ствари во сопственост на ЗЕЛС на предлог на Комисијата за спроведување на пописот.

**ВТОРА ТОЧКА**: Барање за номинација на претставници на ЗЕЛС во „Форум на градоначалници".

Управниот одбор беше запознат со иницијативата за организирање на настан со назив „Форум на градоначалници", а согласно условите за учество потребно е од страна на ЗЕЛС да бидат номинирани градоначалници на општини кои имаат повеќе од 50.000 жители. Со оглед дека настанат е планиран да се одржи во период кога во нашата држава ќе трае кампањата поврзана со спроведувањето на локалните избори, беше изнесен ставот дека ЗЕЛС не може да предложи градоначалници од причина што истите не можат да земат активно учество во работата на настанот. За таа цел беше предложено да се изврши дополнителна консултација за тоа дали наместо градоначалници можат да се номинираат претседатели на совети на општините или дури и членови на општинската администрација.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор на ЗЕЛС донесе заклучок со кој ја задолжува стручната служба да изврши дополнително констатација во однос на настанот ФОРУМ НА ГРАДОНАЧАЛНИЦИ и да се запозна дали на настанот задолжително е потребно да бидат номинирани градоначалници или може да се номинираат н претседатели на совет, членови на советите на општините или претставници на општинските администрации. Ова прашање повторно ќе биде разгледано на следната седница на Управниот одбор.

**ТРЕТА ТОЧКА**: Иницијатива на општина Центар:;

Претставникот на општина Центар го информираше Управниот одбор за поднесената иницијатива со која се предлага измена на повеќе прописи заради спречување на акти на малолетничка деликвенција и вандализам особено на јавните површини и уништување на јавната урбано опрема. Општина Центар досега има остварено консултација со повеќе општини и заклучокот е дека оваа појава е идентично евидентирано во сите општини без исклучок. За да може да се преземат соодветни мерки против сторителите на актите на вандализам и уништување на јавната урбана опрема и да се спречи нарушувањето на јавниот ред и мир, како сторители на прекршок со закон треба да се опфати и категоријата на малолетни сторители на прекршок. Ова подразбира дека е потребно да се преземе темелна реформа на системот на правна заштита и мерки за спречување на лошо поведение на малолетниците, а особено прописите за малолетничка правда прописите за пробација, прописите за прекршоци итн. Со мерката се предлага покрај малолетните сторители на прекршоци, со казнената политика да бидат опфатени и нивните родители заради нивната одговорност во процесот на несоодветно воспитание.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор на ЗЕЛС ја прифаќа иницијативата на општина Центар и предлага на Владата да формира меѓу-ресорска работна група со вклучување на институции кои имаат надлежност во областите на социјалната заштита малолетничката правда, прекршоците, кои заедно со претставници на ЗЕЛС преку вклучување на стручни лица од општините, ќе изготват иницијатива за измени и усогласување на прописите заради превенција и казнување на малолетни сторители на прекршоци а особено вандализам, уништување на јавната урбана опрема и нарушување на јавниот ред и мир.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Договор за воспоставување на БФЕ регионална мрежа;

Управниот одбор беше запознат со иницијативата на НАЛЕД за продлабочување на веќе воспоставената соработка преку БФЦ механизмите, со склучување на т.н. "Договор за конкурентен регион". Присутните членови беа запознати со бројните иницијативи кои произлегуваат во рамките на соработката со другите држави од регионот претставени преку здружение на општини или стопански комори или пак здруженија на граѓани, заради што преку овој процес за кој ЗЕЛС е веќе акредитиран, во изминатата декада е спроведена сертификација на повеќе општини и градот Скопје во нашата држава. Заклучокот е дека освен минимална промоција на општината на регионално ниво заради што сертифицираната општина е поканета да учествува на настани организирани од оваа организација, конкретниот бенефит од самиот процес на сертификација е видлив во подобрување на деловното опкружување во рамките на самата општина. Општините преку сертификацијата, ги утврдуваат своите недостатоци заради нудење на подобри услуги за деловната заедница. Беше укажано дека е потребно да се биде претпазлив во однос на оваа иницијатива за продлабочување на веќе воспоставеното партнерство заради тоа што, со бројните активности кои би следеле, би можел да се оптовари административниот капацитети на ЗЕЛС како организација.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор на ЗЕЛС ја прифаќа иницијативата на НАЛЕД за исклучување на договор со кој ќе се воспостави нова форма на соработка преку склучување на т.н. "Договор за конкурентен регион".

**ПЕТТА ТОЧКА**: Одлука за формирање на Комисија за стратешко планирање на ЗЕЛС

Со оглед дека стратешкиот план на ЗЕЛС за периодот 2021-2025 година се исцрпува ње со оваа календарска година потребно е, како што е тоа веќе уредено со актите на оваа организација, да биде изготвен и усвоен нов стратешки план на ЗЕЛС за периодот 2026-2030 година. За оваа цел потребно е да се формира комисија за стратешко планирање која ќе изготви нацрт стратешки план за периодот 2026-2030 година и истиот ќе го достави на разгледување и консултација кај сите општини членки на ЗЕЛС. Прибраните податоци и информации детално ќе ги разгледа и ќе ги вметне во текстот на Предлог-Стратешкиот план на ЗЕЛС, кој ќе биде доставен на освојување до Управниот одбор на ЗЕЛС кој потоа ќе го достави на конечно усвојување до Генералното собрание на ЗЕЛС. На работата на комисијата стручна и техничка поддршка ќе обезбеди стручната служба на ЗЕЛС, а комисијата ќе работи со динамика која ќе ја утврди самостојно согласно потребите. Управниот одбор ги избра членовите на комисијата од редот на членовите на управниот одбор пет на број.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор на донесе одлука за формирање на комисија за стратешко планирање при ЗЕЛС, со обврска да изготви Предлог на Стратешки план на ЗЕЛС за периодот 2026-2030 година. За членови во оваа комисија се избираат:

1. Перо Костадинов,
2. Висар Ганиу,
3. Ацо Ристов,
4. Еркан Арифи,
5. Борче Јовчески

**ШЕСТА ТОЧКА**: Дискусија околу измените на Законот за локална самоуправа:

Управниот одбор отвори дискусија во однос на процесот за утврдување на приоритетните прашања кои се очекува да бидат предмет на уредување со

иницијативата за изменување и дополнување на Законот за локална самоуправа која во моментов ја спроведува како процес министерството за локална самоуправа. Присутните беа запознати дека на тематските состаноци на ниво на региони кои ги организира м министерството, градоначалниците на општините во соодветниот регион се поканети да учествуваат и да дадат свој придонес, но она што се забележува е дека кај нив не постои единствен усогласен став кој се очекува да биде изграден преку процес на консултација на сите општини од страна на ЗЕЛС споделен со сите општини во републиката. Стручната служба на ЗЕЛС во консултација со претседателот изготви список на отворени прашања кои треба да се предмет на опфатот со измените и дополнувањата на Законот за локална самоуправа а кои ќе бидат споделени со сите општини. Дел од членовите на управниот одбор истакнаа дека иницијативата за изменување и дополнување на Законот за локална самоуправа не треба да се однесува само во однос на предвременото отповикување на избраните градоначалници во случај на нивно неажурно работење, туку со истата треба да се опфатат и голем број на прашања кои треба да се доуредат а кои се потврдиле со праксата во изминатите 20 години.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор на ЗЕЛС донесе заклучок со кој се предлага документот изработен од стручната служба на ЗЕЛС, да се испрати до сите градоначалници и сите претседатели на совети, да им се даде рок до 14 февруари, да ги разгледаат предлозите за изменување и дополнување на Законот за локална самоуправа и до ЗЕЛС да достават свои мислења и предлози. Управниот одбор на својата прва наредна ситница ќе утврди усогласен текст на предлозите и истите ќе ги достави до надлежните институции.

**СЕДМА ТОЧКА:** Средба со министерот за финансии, госпоѓа Гордана Димитриеска Кочоска;

Присутните членови на Управниот одбор го поздравија присуството на министерот за финансии госпоѓа Гордана Димитриеска Кочоска укажувајќи дека се воспоставува добра пракса на директно консултација на министерствата со ЗЕЛС. Членовите на Управниот одбор упатија неколку барања до министерот за финансии и тоа барање за ефикасност во однос на согласностите за нови вработувања на службеници, прашања поврзани со исплатата на средствата од претходниот повик во однос на спроведените јавни набавки, и најважното прашање, за акумулираните огромни долгови во однос на издадените фактури за комунални услуги за кои државата утврдува износ на ДДВ кој не е наплатен од страна на корисниците на услугите, за кој се пресметуваат затезни камати во милионски износи. За последното прашање беше предложено да се изготви иницијатива со закон овие долгови да бидат избришани за да им се помогне на јавните претпријатија кои се во драматично тешка финансиска состојба. Исто така беше предложено да се разгледа мерки за да се овозможи формирање на заеднички служби кои административно ќе ги опслужуваат сите образовни и детски установи, заради неможноста за формирање на соодветни комисии за јавни набавки соодветна правна поддршка и други административни потреби. На овој начин се очекува да бидат генерирани и соодветни заштеди, за кои со Закон би им било овозможено на општините да ги користат за други сопствени потреби во рамките на истите установи за кои и првично биле наменети (реконструкции на објектите на установите, градби, надградби со цел обавување на спортски активности итн.). Беше отворено и прашањето за финансирање на противпожарната заштита и анализата на ЗЕЛС со која се потврди дека од 50% од средствата наменети за функционирање на противпожарните единици се обезбедува директно од буџетите на општините. На министерката и беа предадени последните анализи поврзани со недостатоци на средства во образованието, основното и средното образование и пожарникарството, од кои може да се види голем недостаток на средства во блок или наменските дотации. Исто така, на министерката и беше даден и примерок од Систематизираните ставови на ЗЕЛС, во кој цела една глава е посветена на општинското финансирање и каде освен за недостаток на средства во наменските и блок дотации, се зборува и за можноста да се покачат средствата кои општините ги добиваат

од ДДВ и персонален данок, а по углед на европските земји. Особено се разговараше и за можноста конечно да се реализира електронскиот систем за даноци на имот, како и за измени во законите кои би овозможиле општините да ги добиваат податоците од катастар без надомест.

**ТОЧКА РАЗНО**

Во рамките на точката разно немаше дискусија.

**Скопје, 7 февруари, 2025 г.**

**Составил:**
**Стручната служба на ЗЕЛС**

Претседател на ЗЕЛС,
Орце Ѓорѓиевски

________________________